**<u>ПРЕДЛОГ</u>**

Врз основа на член 24 став (1) алинеа 7) и член 26 став (7) алинеа 6) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РМ (ИОРРМ), а по предлог на Надзорниот одбор, Собранието на ИОРРМ на седницата одржана на --.--.2020 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

## За избор на ревизор на финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31.12.2020, 31.12.2021 и 31.12.2022 година

### Член 1

Врз основа на доставената понуда за ревизија на финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31.12.2020, 31.12.2021 и 31.12.2022 година, за ревизор на финансиските извештаи на ИОРРМ за периодите наведени погоре се избира <u>Друштво за ревизија Расел Бедфорд Атанасовски ДООЕЛ Скопје</u>.

### Член 2

Оваа Одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување на седница на Собранието на ИОРРМ.

### *Образложение*

*Врз основа на доставеното барање за понуди за ревизија на финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31.12.2020, 31.12.2021 и 31.12.2022 година, Надзорниот одбор ги разгледа навремено доставените понуди од страна на друштвата: Друштво за ревизија Расел Бедфорд Атанасовски ДООЕЛ Скопје, Друштво за ревизија и бизнис консалтинг А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје и Друштво за ревизија ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје. Согласно критериумите за избор на најповолна понуда како што се цената, референтната листа на ревизии на непрофитни организации, наведени во Записникот за отварање на понудите за вршење ревизија на финансиските извештаи на ИОРРМ за 2020, 2021 и 2022 година, Надзорниот одбор даде предлог како во диспозитивот на оваа одлука.*

**Драган Димитров,**
Престедател на ИОРРМ